Граѓанскиот активизам во јуни покажа дека промената доаѓа од секојдневната, конкретна работа на терен. Во Битола младите се обучуваа да носат одлуки во кризни ситуации, а во Демир Хисар, по повеќе од две децении, повторно оживеа градското кино. Паралелно, жените низ земјата отворија прашања за родово одговорни буџети, а еколошките иницијативи стигнаа од обуките за чист воздух во Кичево, до подводното чистење на Охридското Езеро. Во овој број на Граѓански импулс ги пренесуваме најзначајните активности на грантистите на Цивика мобилитас низ месецот.




Во Битола, младинскиот центар „Сфера” беше домаќин на [тест-симулација за проверка на функционалноста на Националниот протокол за справување со кризи](), преку проектот „Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво”, во организација на „Младите можат” и „Супортко” Кочани. Млади од Скопје, Кочани, Битола, Струмица и Гостивар преку интерактивна друштвена игра беа ставени во улога на носители на одлуки во кризни сценарија. Слична младинска енергија, но насочена кон културата, доведе до [возобновувањето на киното во Демир Хисар](), каде Про локал, во партнерство со „Граѓанска актива Икарус” – Демир Хисар, преку проектот „Младински политики по мерка на младите”, на 19 јуни, го отворија киното по

повеќе од две децении пауза во работата.

Креативноста продолжи да биде мост кон родовите теми и на работилницата од проектот „Менторство во правосудството и младински ангажман за родова еднаквост”, која ја реализираа Центарот за правни истражувања и анализи и Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Млади преку сликање, инспирирани од традиционалните народни везови, разговараа за родовата еднаквост и активизмот.




Практичните вештини, пак, беа во центарот на вниманието во Струмица, каде „Новус” ја реализираше Академијата за финансиска писменост преку проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот”, четиридневна обука на која младите стекнаа знаења за буџетирање, штедење и финансиско планирање.

Прашањето каде треба да води образованието на младите се најде во центарот на јавната дебата, на панел-дискусија од проектот „Застапување за инклузивен развој", организирана од Балканскиот институт за регионална соработка (БИРС), Форумот за разумни политики и Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХНС). Учесниците укажаа на значителен јаз меѓу образовниот систем и потребите на пазарот на трудот, особено во инженерството и ИТ-секторот.

Додека едните градат вештини за иднината, други работат на заштита на децата во сегашноста. Првата детска амбасада во светот Меѓаши, во партнерство со ИМПЕТУС – Центар за интернет, развој и добро управување, во рамки на проектот „Безбеден интернет простор за деца и млади" одржа три работилници за детски права во дигиталната ера, а на 16 јуни присуствуваше и на потпишувањето на Декларацијата за превенција на насилство кај младите, организирано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Грижата за заедницата се пренесе и кон животната средина. По повод Светскиот ден на животната средина, Центарот за климатски промени, преку проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелената агенда на локално ниво", одржа еко-работилница за најмладите во Карпош, а неколку дена подоцна, во партнерство со Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии Гевгелија, организираше форум за иднината на планината Кожуф.

Заштитата на природните ресурси продолжи и под површината на Охридското Езеро, каде Извидничкиот поречански одред „Крсте Јон" – Струга, заедно со Регионалниот зелен центар Охрид и нуркачки клубови од Македонија, Србија, Косово и Хрватска, во рамки на проектот „Да учиме за климатските промени" спроведе акција за подводно чистење на брегот.







фокус на лицата со попреченост
трибина за правата на пациентите со


CIVICA MOBILITAS
КОМПАС:
Мониторинг на Владините Ветувања 2024–2028
Презентација на наоди од првата половина на мандатот
Скопје
17 јуни 2026
10 часот
Следење на реализацијата на владините ветувања во пет приоритетни области:
Социо-економски ветувања
Образование
Здравство
Родова еднаквост
Млади
FINANCE THINK
360
Македонски центар за граѓанско образование
Qendra Maqedonase për Edukim Qytetar
Macedonian Civic Education Center